# Информации за имплементација на Проектот РЕПАРИС

Во 2003 година, тим на Светска банка подготви Извештај за почитувањето на стандардите и кодексите (ИПСК) за сметководство и ревизија во Македонија. Препораките за политиките од ИПСК беа договорени меѓу Светската банка, Министерството за финансии и чинителите во земјата. Исто така, беше договорено во рамките на РЕПАРИС да се изготви детална национална стратегија и акционен план и истите да се имплементираат врз основа на дадените препораки за политиките.

Националниот управен комитет, составен од клучни јавни и приватни чинители кои учествуваат во корпоративното финансиското известување беше формиран во 2005 година. Националниот управен комитет, координиран од страна на Министерството за финансии и со помош на партнерите за развој, ги изготви Националната стратегија и акциониот план. Владата на Република Македонија на седницата која се одржа на 9 август 2006 година ги усвои националната стратегија и акциониот план. На 11 април 2007 година, Министерот за финансии потпиша договорот за грант помеѓу Владата на Р. Македонија и Меѓународната банка за реконструкција и развој (во понатамошниот текст “Светска банка”). Вкупниот износ на грантот расположив за имплементирање на националната стратегија и акциониот план, проект РЕПАРИС, изнесува 4.308.250 евра. Холандија учествуваше со 3,500,750 евра, а Австрија со 807,500 евра. Покрај тоа, Владата на Р. Македонија се обврза дека ќе учествува со 10%.

Намената на грантот е да се имплементираат активностите кои се определени во Националната стратегија и акциониот план за корпоративно финансиско известување во согласност со барањата на законите на ЕУ и применливите меѓународни најдобри практики.

Во текот на 2007 година Институтот ги достави сите Услови за ангажирање предвидени со Националната стратегија и акциониот план.

Тековен статус на спроведување на активностите во рамките на проектот РЕПАРИС:

**1. Испит за овластени ревизори и Континуирано професионално усовршување**

На 11.11.2008 година, започна ангажманот на консултантите ангаж ирани во рамките на проектот РЕПАРИС, за спроведување на активностите за спроведување на испит за овластени ревизори и континуирано професионално образование. Ангажманот на консултантите трае до јули 2009 година. Во периодот од 7 месеци консултантите треба:

- да спроведат "Пробен испит" во март 2009 година, со претходна обукла за испитот,
- да изготват Програма за полагање на испитот,
- да изготват материјали за полагање на испитот
- да изготват материјали  за обука за полагање на испитот,
- да изготват Програма за континуирано професионално образование,
- да изготват материјали и да спроведат континуирано професионално образование.

*Надлежни комисии: Комисија за образование, обука и издаваштво и Комисија за спроведување на испитот за овластен ревизор*

**2. Контрола на квалитет**

Претстои евалуација на финансиски понуди и ангажирање на консултанти.

*Надлежни комисии: Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги*

**3. Дисциплински постапки**

Постапката е во конечна фаза. Претстојат преговори со консултантите кои ќе бидат ангажирани.

*Надлежни комисии: Комисија за етика*

**3. Превод на МСФИ, МСС, МСР и Кодекс на етика**

Постапката е во фаза на доставување покана за давање на понуди.

*Надлежни комисии: Комисија за сметководствени стандарди, Комисија за стандарди за ревизија, Комисија за етика*

**4. Регистер на овластени ревизори и регистер на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.**

Во првиот повик за изразување на интерес објавен во јули 2008 година немаше доволно пријавени кандидати. Во ноември повторно е објавен повик за доставување на пријави за изразување на интерес.

*Надлежни комисии: Комисија за регистрација на овластени ревизори*

**5. Барање за преуредување на просториите на Институтот, канцелариски мебел и опрема.**

Во септември 2008 година, просториите на Институтот беа преуредени и беше обезбедена побараната опрема и канцелариски мебел од страна на проектот РЕПАРИС.